ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИНФЕКТИВНО ОДДЕЛЕНИЕ

СПЛОШНА БОЛНИЦА НОВО МЕСТО СЛОВЕНИЈА

SPLOŠNA BOLNIŠNICA NOVO MESTO

Ново место Општа болница е регионална болница, која задоволува околу 132.000 жители на Ново Место

Болницата врши специјалистичко-амбулантско,болничка дејност, дијализа активност и активноста на примарната здравствена заштита - гинеколошка амбуланта. Таа ги има сите одделенија и специјалистички ординации, освен психијатрија и одделот за онкологија и нуклеарна медицина.Едукацијата се одвиваше на инфективно одделение.

Инфективно одделение располага со осумнаесет болнички кревети меѓу кои две соби се  простории за изолација

Во тек на моето присуство таму бевме ангажирани во работата :

Делење терапија,изведување на преврски,присуствувавме на визита, земање  на анализи за лабораторија.За прв пат видовме како се зема артериска крв и се поставува венски катетер.

Исто така присуствувавме на бронхоскопија.





Персоналот на инфективно одделение работи тимски,многу се посветува на негата на пациентите.

Сите податоци за пациентите се внесени во компјутер и во систем се поврзани со лабораторија, стерилизација,и со другите оддели.Затоа на визита се оди со таканаречен „возичак“ на кој се сместени историите за пациентите и компјутер за експедитивно

внесување на податоците за болните и за нивната состојба.





Целата болница е поврзана со подземни тунели кои водат до сите одделенија,дијагностики и амбуланти.

Пациентите се разнесуваат на електрични возила со работници транспортери.

Голем впечаток ни остави тоа што персоналот располага со многу медицински материјал потребен за подобрување на квалитетот во работата.Тие таму многу посветуваат внимание на дезинфекција на раце и заштитни одела.Пред секоја соба и во секоја соба на секој болнички кревет имаат поставено мали канистри со дезинфекцијски средства,кои песоналот во текот на работата многу ги користи да се заштити себе и пациентите од инфективни заболувања.

Едукацијата за нас беше ново позитивно искуство,кое ни овозможи знаење за еден повисок степен на работа,во доменот на медицински сестри.

Благодарни сме до министерството за здравство,кое ни ја овозможи оваа едукација,стручноста и знаењето да го пренесеме на инфективно одделение Штип

од Мед.сестра Заркова Биљана-вработена на инфективно одделение ЈЗУ Клиничка болница Штип